**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**DENTAL CHAMBER OF MACEDONIA**

ул. Алберт Ајнштајн бр.7, 1000 Скопје
++ 389 (0)2 311 38 20

Здравствен работник од областа на стоматологијата може да се стекне со основна лиценца ако има:

1. диплома за завршено соодветно високо образование;
2. доказ за соодветен приправнички стаж;
3. доказ за положен стручен испит.

Здравствен работник од областа на стоматологијата со завршено соодветно високо образование од областа на стоматологијата и поминат приправнички стаж и положен стручен испит во странство може да се стекне со основна лиценца ако има:

1. нострифицирана диплома за завршено соодветно високо образование;
2. доказ за признаен приправнички стаж и положен стручен испит.

Здравствен работник од областа на стоматологијата може да се стекне со лиценца за работа ако има:

1. основна лиценца;
2. соодветна специјализација или соодветна субспецијализација.

Здравствен работник со високо образование од областа на стоматологијата кој се стекнал со лиценца за работа во странство може да се стекне со лиценца за работа ако има:

1. доказ за признаена соодветна специјализација или субспецијализација;
2. препорака од комората во која членувал;
3. доказ за претходно работно искуство во дејноста за која бара лиценца за работа.

Документите коишто докторите на стоматологија ги доставуваат во Стоматолошката комора на РМ, за добивање на основна и работна лиценца, како и за нострификација за стручниот испит, треба да бидат заверени на наотар.